# Осигурителниот сектор во Република Македонија во првиот квартал од 2012 година

## 1. Анализа на осигурителниот пазар во Република Македонија

На почетокот на 2012 година на пазарот на осигурување во Република Македонија активно работат 15 друштва за осигурување, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, а 4 осигурување на живот. Во текот на првиот квартал од 2012 година зголемен е бројот на осигурително брокерски друштва за 1 ново друштво (”КОРАБ ИНС АД Скопје”) на вкупен број од 18 друштва, додека пак бројот на друштвата за застапување остана непроменет (6 друштва за застапување во осигурувањето).

Согласно податоците добиени од страна на друштвата за осигурување при редовното известување на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) согласно членот 104 од Законот за супервизија на осигурување- пречистен текст (”Службен весник на Р. Македонија” бр. 30/2012), во првиот квартал од 2012 година е остварена бруто полисирана премија (во понатамошниот текст БПП) во вкупен износ од 1,71 милијарди денари, што претставува пораст од 7,26% во однос на БПП остварена во 1Q 2011 година (1Q 2011: 1,59 милијарди денари).

Позитивниот тренд е присутен кај двете групи во осигурувањето, со тоа што во делот за неживотно осигурување е остварена БПП во износ од 1,59 милијарди денари (1Q 2011: 1,50 милијарди денари), или истата изнесува 93,54% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, што претставува пораст од 6,11% во однос на истиот период од минатата година.

Во делот за осигурување на живот, што претставува 6,46% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, е остварена БПП во износ од 110 милиони денари (1Q 2011: 86 милиони денари), што претставува пораст од 27,38%.

Реосигурување како деловна активност на пазарот на Р. Македонија нуди само едно друштво за реосигурување и во 1Q 2012 година изнесува 4.977 илјади денари (1Q 2011: 1.977 илјади денари).

Во рамки на одделните класи на осигурување нема забележителни отстапувања во однос на структурата на вкупната БПП, со тоа што како и досега најзначајна категорија е задолжителното осигурувањето од автоодговорност (АО) со 38,78% (1Q 2011: 40,33%), доброволното осигурувањето на патнички возила (каско) со 10,76% (1Q 2011: 12,13%), осигурување на имоти со 25,22% (1Q 2011: 19,16%) и осигурувањето од незгода со 9,48% (1Q 2011: 10,29%). Во овие категории позначајна промена бележи БПП од осигурување на имоти во износ од 430 милиони денари со пораст од 41,24% (1Q 2011: 304 милиони денари). Исто така и задолжителното осигурувањето од АО во износ од 661 милиони денари бележи пораст од 3,13% (1Q 2011: 641 милиони денари).

Во текот на 1Q 2012 склучени се 196.022 договори при што се забележува пораст од 5,95% во однос на 1Q 2011 кога беа склучени 185.009 договори. Значен пораст од 28,13% бележи бројот на

договори во класата на осигурување на живот, потоа следи осигурувањето на имот со 12,84% и осигурувањето од автоодговорност (АО) со 10,28%.

Друштвата за осигурување во 1Q 2012 година исплатиле бруто- износ на штети од 695 милиони денари. Во споредба со 1Q 2011 година бруто исплатените штети бележат пад од 2,60% (1Q 2011: 713 милиони денари).

Во првиот квартал на 2012 година, во доменот на пазарната концентрација, бројот на друштвата кои го поминуваат прагот на учество над 10% во вкупната БПП е 5. При тоа, учеството на пазарните водачи е следното: Триглав Осигурување со 19,29% (1Q 2011: 22,09%), Винер со 12,31% (1Q 2011: 8,65%), Сава со 11,43% (1Q 2011: 12,74%), Еуролинк со 10,61% (1Q 2011: 10,74%), и Кјуби со 10,50% (1Q 2011: 11,58%).

Друштвата за осигурување, продажбата на полиси ја вршат преку канали на продажба со чија помош ја унапредуваат продажбата. Од дозволените дистрибутивни канали, во текот на 1 квартал од 2012 година, најголемо учество во вкупната БПП зазема директната продажба со 57,06%, потоа следи продажбата преку осигурително брокерски друштва со 18,80% и продажбата преку застапници во осигурувањето со 13,95%.

Согласно Законот за супервизија на осигурување, друштвата треба да ја одржуваат вредноста на капиталот барем во висина на потребното ниво на маргината на солвентност. Според доставените податоци до Агенцијата, на крајот на 2011 година, вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 4,6 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,12 милијарди денари (кај неживотното осигурување 1,05 милијарди денари, а кај осигурувањето на живот 67 милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е за 4,14 пати над нивото на маргината на солвентност.

Во 1Q 2012 година, друштвата за неживотно осигурување најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во банки (56,45%), хартии од вредност издадени од РМ (36,18%), акции (2,80%) и во други финансиски инструменти (4,57%).

Друштвата за осигурување на живот најголем дел од средствата коишто ја покриваат математичката резерва ги пласираа во банки (33,38%), хартии од вредност издадени од РМ (65,66%) и во други финансиски инструменти (0,97%).

## 2. Активности од доменот на супервизијата

Согласно донесениот годишен план за супервизија, контролата се одвива според предвидената динамика и врз основа на спроведените контроли во 1Q 2012 година, Агенцијата изрече 9 мерки на супервизија, и тоа:

- 9 наредби за отстранување на незаконитости врз основа на спроведена теренска супервизија

Комисијата за посредување при АСО, спроведе постапка за посредување за 6 прекршоци. Притоа постигнати се:

- 4 спогодби за отстранување на последици од прекршок; и
- 2 спогодби за плаќање на глоба.

Во текот на 1Q 2012, беа спроведени 2 теренски контроли, кои се однесуваа на работењето на 2 друштво за осигурување.

## 3. Активности од доменот на лиценцирањето

Во текот на првиот квартал од 2012 година донесен е 1 подзаконски акт, со кој е извршено дорегулирање на дел од законската материја која се однесува на евиденција на штетите од страна на друштвата за осигурување. За таа цел донесен е следниов правилник:

- Правилник за минималната содржина на евиденцијата и начинот на пријава, резервација и ликвидација на штети од страна на друштвата за осигурување ("Службен весник на Р.Македонија" бр. 4/2012).

Во првиот квартал од 2012 година, Агенцијата издаде 3 дозволи, и тоа:

- Воведување нова класа (2 дозволи) – Инсиг;
- Дозвола за вршење осигурителни брокерски работи ( 1 дозвола )- Кораб Инс.

Исто така, издадени се 6 согласности за:

- Друштво за ревизија ( 1 согласност )- Евроинс;
- Статут/ зголемување на главнина (2 согласности)- Винер лајф и Евроинс;
- Статут/ воведување нова класа ( 2 согласности )- Инсиг;
- Член на управен одбор ( 1 согласност )- Винер лајф.

Во рамки на лиценцирањето на посредници во осигурувањето, издадени се 281 лиценци, и тоа:

- Лиценцирани застапници ( вклучувајќи ги и тие по службена должност ) 269 лиценци;
- Осигурителни брокери 12 лиценци.

## 4. Заштита на потрошувачите (осигурениците)

Заклучно со 31.03.2012 во АСО се поднесени 16 претставки, и тоа:

- 6 решени претставки (3 позитивно и 3 негативно),
- 8 во процес на решавање, и
- 2 без основ за постапување, односно со непотполна документација.